РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3098/16
12-01-2022

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 08-3098 од 12.06.2019 година, оформен согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ____________, поднесен по избор на функцијата ВД Директор на ___________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-3098 од 12.06.2019 година.

Предметот со број 08-3098 од 12.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во анонимизирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот број 08-3098 од 12.06.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Предметот се однесува на проверка на податоците од анкетниот лист на ____________, поднесен по избор на функцијата ВД Директор на ______________.

_________________, поднел анкетен лист во законски предвидениот рок по избор на наведената функција, односно на 04.09.2017 година.

ДКСК, од именуваниот побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот се доставени податоци за следните членови на неговото семејство:

-____________ – сопруга;
-______________ – ќерка;
-_____________ – татко;
-______________ – син;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, за имотот на ________________ и за имотот на неведените членови на неговото семејство побара податоци од:

-Агенцијата за катастар на недвижности;

-Министерството за внатрешни работи;

-Управата за јавни приходи; и

-Централниот депозитар за хартии од вредност;

Воедно, ДКСК изврши увид во дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист на ______________, ДКСК не утврди елементи за натамошно надлежно постапување.

Државната комисија постапувајќи по друг предмет, во рамки на своите законски надлежности (Предмет број 08-935 од 2021 година), констатира дека именуваниот во законски предвидениот рок по престанок на функцијата директор на ________________ не поднел анкетен лист до ДКСК.

ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК поднела барање за поведување прекршочна постапка против именуваниот за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на Прекршочната комисија е донесено Решение со број 14-1784/4 од 08.10.2021 година со кое именуваниот е огласен за одговорен и му е изречена прекршочна санкција - ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: Н.Б.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**